РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 648/12
20.05.2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 30-тата седница, прво продолжение, одржана на ден 18.05.2020 година донесе

**Одлука**

По утврдена повреда на член 63 став 1 и член 67 став 1 од ЗСКСИ од страна на лицето Марија Бошковска Јанковска и доставената Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност до Управниот одбор на Централен регистер на Република Северна Македонија, кој не утврди повреда на одредбите од ЗСКСИ од именуваното лице, ДКСК го запира постапувањето, бидејќи нема законски основ за преземање мерки и активности за натамошно постапување по предметот.

Предметот со број 09-648/1 од 21.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Државната комисија постапуваше по предмет за постоење на сериозни индиции дека лицето Марија Бошковска Јанковска – Директор на Централен регистер на Република Северна Македонија има влијание во постапки за вработување на блиско лице на одреден функционер.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, Државната комисија се обрати до Централен регистер на Република Северна Македонија за достава на документацијата која се однесува на постапката за вработување на лицето Мирјана Јосифовска – сестра на пратеникот Александар Кирацовски.

По разгледување на доставената документација за лицето Мирјана Јосифовска, Државната комисија констатираше дека со измените на систематизацијата од 19.06.2018 година работното место Советник за дистрибуција на податоци, на кое подоцна се пријавило наведеното лице, бројот на извршители се зголемува од 2 на 3 лица. По добиените согласности за измена на Актот за систематизација и обезбедени финансиски средства за планираните 38 вработувања, од страна на ЦРРСМ објавен е Јавен оглас во два дневни весници на ден 07.08.2018 и 09.07.2018 година. Условите објавени во огласот се согласно Закон за работни односи и систематизацијата на ЦРРСМ. Формирани се посебни комисии за селекција на кандидати за посебните работни места. Изготвен е извештај број 04-1172/13 од 14.09.2108 година за избор на кандидати за работното место Советник за дистрибуција на податоци каде е нотирано дека се пријавиле 15 кандидати од кои на 13 кандидати пријавите се нецелосни. Не се утврдени поблиски критериуми за избор. Од листите за евиденција присутност на работа, лицето Мирјана Јосифовска од 10.10.2018 – кога е примена, до 11.11.2018 работите ги врши во дирекција Скопје, а потоа од 12.11.2018,


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

лицето е префрлено во регионалната канцеларија на ЦРРСМ Битола поради „зголемен обем на работа" во Битола.

Врз основа на погоре наведеното, постојат серозни индиции за влијание на директорот на ЦРРСМ за создавање услови за прием на лицето **Мирјана Јосифовска** во ЦРРСМ, сестра на Александар Кирацовски - пратеник, преку зголемување на бројот на извршители на работно место кое е соодветно на нејзините квалификации, а потоа преку нејзино распоредување во Битола каде истата живее.

Државната комисија констатираше дека од страна на одговорното лице на Централниот регистар на Република Северна Македонија е повреден член 63 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно во вршењето на неговите дискрециони овластувања и не ја донело одлуката совесно, водејќи сметка за сите факти и околности во конкретен случај.

Поради наведените причини Државната комисија достави Иницијатива за поведување на постапка за утврдување на одговорност на службеното лице Марија Бошковска Јанковска – директор на Централен регистар на Република Северна Македонија до Управниот одбор на Централен регистар на Република Северна Македонија, како надлежен орган кој извршил именување.

По однос на поднесената Иницијатива, Управниот одбор на Централен регистар на Република Северна Македонија достави одговор во кој е наведено дека службеното лице Марија Бошковска Јанковска постапила согласно одредбите на Законот за работни односи, Колективниот договор бр.01-887/1 пд 01.06.2018 година и Правилникот за систематизација. Исто така е наведено дека службеното лице има право за слободно одлучување со кој кандидат кој ги исполнува бараните услови за вршење на работа ќе склучи договор за работа.

На седницата одржана на ден 18.05.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека по доставената Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на службеното лице Марија Бошковска Јанковска, Државната комисија нема законски основ за понатамошно превземање на мерки и активности согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил:
м-р Станка Милановска - Виш соработник
Одобрил:
Катица Николовска, член на ДКСК